Република Македонија
Министерство за економија

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 04.02.2019
Орг.Един. 44 | Број: 495/2 | Прилог: | Вредност

Министерство за економија

Бр. 08-544/2
Скопје 01-02-2019 година

До: Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија-
- Одделение за соработка со невладини организации
Скопје

Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Факс: (02) 3084472
www.economy.gov.mk
e-mail: info@economy.gov.mk

Предмет: Мислење
Врска наш бр.08- 544/1 од 22.01.2019 година
Ваш бр. 44.1-495/1 од 21.01.2019 година

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Почитувани,

Во врска со вашиот допис бр. 44.1-495/1 од 21.01.2019 година со кој барате да се произнесеме по иницијативата од Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина „Гоу Грин" за Подршка на микро и малите претпријатија за еколошко работење, која вклучува мапирање на микро и малите претпријатија и анализирање на нивното работење и енергенси со цел да им се помогне во воведувањето на еколошки енергенси и подобрување на нивните практики, би сакале да истакнеме дека Министерството за економија смета дека проектната идеја е во согласност со политиките за зголемување на продуктивноста и конкурентноста на малите и средни препријатија. Имено, една од стратешките цели во Националната стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023, е поддршка на развојот на МСП во зелената економија, преку преку усвојување на еколошки прифатливи деловни практики. Воедно, проектната идеја е во согласност со националната Индустриска политика, каде што една од клучните цели е поддршката на еколошки прифатливи производи и услуги.

Сепак, сметаме дека иницијативата бара допрецизирање во делот на имплементација од методолошки аспект. Имено, во проектната идеја не е доволно јасно за какво мапирање се мисли, дали предмет на мапирање би биле индустриски малите постројки од аспект на тоа која инсталирана моќност имаат, каков енергенс користат, од каде набавуваат и слично. Исто така, многу е важно да се процени достапноста на објектот до постоечката енергетска инфраструктура, како и до инфраструктурата која е во градба.

Во таа насока многу значаен аспект во делот на имплементација на проектот е да се направи квалитетен прашалник, кој би требало да биде испратен на мислење до Министерството за економија и Министесвото за животна средина и просторно планирање пред да почне прибирањето на податоците. Воедно, сметаме дека базата на податоци ќе претставува солидна основа во креирањето на стратешки документи, и следствено треба да биде доставена до нас, а воедно треба да биде јавно достапна.

Како Министерство надлежно за политиките за поддршка на малите и средни претпријатија, а воедно надлежни и во делот на енергетиката, стоиме на располагање за консултации за допрецизирање на методологијата за имплементација на проектната идеја.

Воедно, препорачуваме барањето да го упатите и до Министерство за животна средина и просторно планирање, како институција директно одговорна за креирање на политиките за заштита на животната средина за нивно мислење.

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20100131300073

Со почит,

МИНИСТЕР
Kreshnik Bekteshi

Изработил: Ќемал Ибраими
Контролирал: Марина Арсовска
Валентина Старделова
Одобрил: Блерим Златку
Согласен: Зоран Павловски